Уп. бр. 08-26

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото САЛУС промет со фармацевтски, медицински и други производи, а.д. Љубљана со регистрирано седиште на Литостројска цеста 46А, 1000 Љубљана, Словенија, доставено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 15.02.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која САЛУС промет со фармацевтски, медицински и други производи, а.д. Љубљана со регистрирано седиште на Литостројска цеста 46А, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне единствена контрола над МЕДИТРЕЈД, Друштво за надворешна и внатрешна трговија д.о.о. со регистрирано седиште на Брнчичева улица 17Б, 1231 Љубљана - Чрнуче, Словенија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.01.2023година, а дополнето на ден 03.02.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на САЛУС промет со фармацевтски, медицински и други производи, а.д. Љубљана со регистрирано седиште на Литостројска цеста 46А, 1000 Љубљана, Словенија, со која САЛУС промет со фармацевски, медицински и други производи, а.д. Љубљана ќе стекне единствена контрола над МЕДИТРЕЈД, Друштво за надворешна и внатрешна трговија д.о.о. со регистрирано седиште на Брнчичева улица 17Б, 1231 Љубљана - Чрнуче, Словенија, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- **САЛУС промет со фармацевтски, медицински и други производи, а.д. Љубљана** е друштво со седиште во Љубљана и матично друштво на Групацијата Салус. Групацијата Салус го генерира најголемиот дел од своите приходи преку своите претпријатија-ќерки САЛУС Трговија на големо, д.о.о. и Санолејбор д.д. чија главна дејност е трговија на големо (САЛУС Трговија на големо и Санолејбор) и трговија на мало (Санолејбор) со лекови, фармацевтски производи, медицински помагала, медицинска опрема и материјали. Друштвата во рамки на Групацијата Салус нудат и услуги за складирање, регулаторни, фармаковигилантни услуги, фармацевтски маркетинг и промоција, фармакоекономија. САЛУС промет со фармацевтски, медицински и други производи, а.д. Љубљана (како матично друштво на Групацијата Салус) е активно главно на полето на инвестиции и управување со недвижен имот.

Во Северна Македонија, САЛУС промет со фармацевтски, медицински и други производи, а.д. Љубљана ги врши своите деловни активности преку своето претпријатие-ќерка Друштво за трговија, застапниищтво и маркетинг **ЦАРЦО ПХАРМ ДООЕЛ Илинден** со регистрирано седиште на улица 34 бр.5, Илинден. Неговите активности се застапување и маркетинг на трговски марки на водечки производители на фармацевтски производи.

**-МЕДИТРЕЈД, Друштво за надворешна и внатрешна трговија д.о.о.** е друштво со ограничена одговорност со седиште во Љубљана. Друштвото е активно во трговија на големо со медицинска опрема. Главни клиенти на друштвото се здравствените установи, со кои друштвото има за цел, меѓу другото, да придонесе за високо ниво на здравствена заштита на населението.

МЕДИТРЕЈД, Друштво за надворешна и внатрешна трговија д.о.о. нема никакви средства и не остварил никаков промет во Северна Македонија во 2021 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**